## Проф. д-р АНДРИЈА ЛАИНОВИЌ
## (1903—1986)



На 24 мај 1986 година згасна животот на д-р Андрија Лаиновиќ, еминентен југословенски научник и педагог, долгогодишен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Неговата животна врвица започнала на 8 ноември 1903 година во Грахово (општина Никшиќ), СР Црна Гора. Потекнува од занаетчиско-трговско семејство. Детството го поминал во Подгорица, денешен Титоград — град во кој го запознал својот прв учител и го завршил основното и средното образование. Во учебната 1923/24 година се запишал на Филозофскиот факултет во Белград, група за историја, компаративна книжевност и француски јазик со литература, каде и дипломирал во 1927 година. Во меѓувреме учебната 1924/25 ја поминал на Сорбона, во Париз каде следел предавања од францускиот јазик, историја и книжевност. Токму овој престој на Сорбона бил пресуден за неговото подоцнежно определување да се посвети на изучување на црногорско-француските односи во минатото. За време на летниот распуст во 1930 година, професорот Лаиновиќ повторно се вратил во Париз поради стручно усовршување и прибирање материјали за својата професорска теза: „Печатот на Западна Европа за Граховската битка во 1858 година". Во јули—август 1951 година, преку Сојузното министерство за просвета и Комисијата за културни врски со странство во Белград, го посетувал Меѓународниот семинар на историчарите организиран од УНЕСКО во францускиот град Севр.

Во 1954/55 година, како стипендист на француската влада истражувал во париските архиви подготвувајќи ја својата докторска дисертација под наслов: „Француското политичко влијание во Црна Гора од 1853 до 1860 година", која ја одбранил на Сорбона во 1956 година.

По завршувањето на студиите, од 1927 година работел како професор во Вишата реална гимназија во Подгорица, но поради учеството во познатите политички демонстрации од 18 февруари 1935 година бил преместен во Ливно. Од октомври истата година до 1940 предавал во Вишата реална гимназија во Никшиќ. Во текот на Народноослободителната војна бил директор на нижата гимназија во Биело Поле, која од денот на

востанието на црногорскиот народ и нарудностите 13 јули 1941 година не работела бидејќи градот постојано бил под блокада, и во гимназијата во Беране (денешен Иванград) каде бил принудно преместен, а од јули 1943 до октомври 1944 година останал без работа и како сомнителен бил често вознемируван и затворан од окупаторските власти.

Од второта половина на 1944 до средината на 1948 година престојувал во Банат. Најпрвин работел како просветен референт во Командата на местото во селото Лазарево, потоа како професор и директор во нижите гимназии во Српска Црња и Волошиново (Нови Бечеј).

Во мај 1948 година одѕивајќи се на поивот на владата на НР Црна Гора, дошол во Цетиње каде покрај професорската дејност во Средната партиска, Средната медицинска и Вишата педагошка школа (1948—1956), бил инспектор во Министерството за просвета, директор на новоформираниот Завод за унапредување на школството во Титоград (1957—1958), кога бил и одговорен уредник на списанието „Историјски записи“.

Од 1959 па сè до неговото пензионирање 1975 година, д-р Андрија Лаиновиќ живее и работи како универзитетски професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Непосредно пред неговото доаѓање бил избран за вонреден, а во 1966 година за редовен професор на ННСГ за историја по предметот: Историја на народите и народностите на Југославија — нов век. Паралелно со неговата професорска дејност на Филозофскиот факултет во Скопје, од 1963 година, по покана како хонорарен професор изведувал настава и на Филозофскиот факултет во Приштина.

Уште од раната младост проф. Лаиновиќ покажувал интерес за општествениот живот особено со оглед на бурните историски настани што се случувале во тоа време. Неговите први сознавања во тој правец дошле до израз уште во гимназиските денови. Посебен интерес пројавувал и со симпатии ги следел манифестациите на работничкото движење. За време на студирањето на Универзитетот во Белград се вклучил во работата на студентскиот марксистички клуб „Прогрес“, чии секретар станал во учебната 1926/27 година.

Своето марксистичко образование проф. Лаиновиќ го надополнил и проширил во текот на едногодишниот студиски престој во Париз, каде непосредно имал контакти со револуционерното движење. Како резултат на неговата ориентација и ангажираност, станал член на Студентскиот антифашистички сојуз во Париз (Alliance défensive des etudiantus antifasistes).

Со доаѓањето во Скопје проф. Лаиновиќ, покрај сестраната ангажираност во воспитно-образовниот и наставниот процес, развил плодна дејност во повеќе општествено-политички организации и самоуправни тела, како на Факултетот, така и надвор од него. Во учебната 1970/71 и 1971/72 бил шеф на ННСГ за историја, потоа претседател на ОО на Сојузот на синдикатите при Факултетот, член на Друштвото на универзитетските наставници, член на Советот и Управниот одбор на Филозофскиот факултет. Покрај тоа, проф. Лаиновиќ бил член на Комисијата за издавање универзитетски учебници, член на Комисијата за државен стручен испит за звањето професор при Советот за школство на СРМ, член на Редакцијата за објавување на француски документи за историјата на македонскиот народ при Архивот на Македонија. Освен тоа, бил член на Архивскиот совет на Југославија, член на Советот на Институтот за национална историја и на Советот на Архивот на Македонија, член на Друштвото на фолклористите на Македонија, а во Белград членувал и во Научното друштво за проучување на историјата на медицината.

Проф. Лаиновиќ повеќе од 50 години се занимавал со научно-истражувачка дејност. Своите први трудови почнал да ги објавува уште во 1924 година во „Слободна мисао“ (Никшиќ). Импозантен е неговиот творечки опус, кој содржи преку триста библиографски единици. Резултатите од оваа негова работа се презентирани во голем број стручни и научни периодични публикации во земјата и во странство.

На историографски план, проф. Лаиновиќ многу придонел во поставувањето и расветлувањето на бројни проблеми од нашата нововековна историја. Во фокусот на неговиот научен интерес била црногорската историја, а главна преокупација меѓународните врски на Црна Гора, особено со Франција. Во таа смисла посебно треба да се истакнат неговите монографски трудови: Три француза о Црној Гори (Цетиње, 1949); Кратак преглед на прошлост Титограда (Цетиње, 1950); Побједа на Граховцу у списама савременика (Цетиње, 1958). Воедно, проф. Лаиновиќ интензивно ја истражувал и историјата на југословенските народи и народности со акцент на нивните взаемни врски. При тоа тој пројавил посебен интерес во проучувањето на минатото на македонскиот народ, особено за одгласот на борбите на македонскиот народ за негова слобода на меѓународен план.

Како резултат на неуморните повеќегодишни истражувања во југословенските архиви и библиотеки (Скопје, Белград, Загреб, Задар, Цетиње, Титоград и Приштина), и во странските (Париз, Шатијон на Сена, Рим и други) проф. Лаиновиќ успеал да прибере, проучи и објави голем број архивска изворна документација. Во таа смисла, посебна заслуга има во прибирањето и објавувањето на француски архивски материјали, кои се однесуваат на нововековната историја на македонскиот народ. Дел од нив се објавени од Архивот на Македонија 1969 година во публикацијата: Француски документи за историјата на македонскиот народ (1878—1879), т. I (во коавторство со Иван Катарџиев и Љубомир Герасимов).

Голем дел од своите научни резултати проф. Лаиновиќ ги презентирал на повеќе конгреси на историчарите на Југолсавија, на симпозиумите и на други научни собири.

Проф. Андрија Лаиновиќ поседуваше вонредни педагошки квалитети. Затоа неговите предавања беа секогаш посетувани. Ни беше драг професор кому му приоѓавме со длабоко почитување. Секогаш беше пристапен, отворен и комуникативен, подготвен за несебична помош.

Со извонредно образование, неверојатна работна енергија и педагошка култура проф. Лаиновиќ појавуваше особена грижа во изградување на броен наставен кадар по историја за средното и високото школство. Посебна заслуга има и во изградување на научниот подмладок од областа на историјата, архивската и други сродни дисциплини. Проф. Лаиновиќ предаваше и на третиот степен-постдипломски студии при ННСГ за историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Под негово непосредно раководство и менторство, поголем број историчари од СР Македонија и од другите социјалистички републики и покраини, се здобиле со звањата магистер или доктор по историски науки, архивистика и сл.

За своите долгогодишни достreли на научно, педагошко и општествено поле проф. Лаиновиќ беше одликуван со Орден на трудот со црвено знаме и Орден на трудот III ред. Добитник е на повеќе признанија, плакети, благодарници и пофалници.

По повод неговата осумдесетгодишнина од животот, Редакцијата на списанието „Историја", заедно со Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, оддавајќу му признание за развојот на средното и високото школство во СР Македонија, како и на македонската историографија, му го посвети вториот број на деветнаесеттото годиште (1983) на Списанието.

Со својот длабоко осмислен пат и дело — достојно за респект, проф. д-р Андрија Лаиновиќ остави траен спомен во македонската и општо-југословенската историска наука и историјата на средното и високото образование.

Методија МАНОЈЛОВСКИ